РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 0201-2046/2
21.12.2022 година

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2022 И 2023 ГОДИНА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

www.aek.mk
ул. „кеј Димитар Влахов" бр. 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Врз основа на Извадокот од Нацрт записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 45, одржана на 28 јуни 2022 година, а во врска со Годишниот план за проценка на ризици од корупција согласно Извештајот на ГРЕКО (петти круг на евалуација), а во однос на препорака 11 каде што им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа да донесат Годишен план за проценка на ризици од корупција, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации го донесе:

## Годишен план за проценка на ризици од корупција за 2022 и 2023 година во Агенцијата за електронски комуникации

Под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или трето лице. Корупцијата претставува главен предизвик за сите демократски општества, но во исто време и најголема закана за владеење на правото, демократијата и човековите права, чесност и социјалната правда. Корупцијата во секое општество врши ерозија на институционалните капацитети и го поткопува легитимитетот на надржавните институции, со што се намалуваат демократските вредноси: довербата и толеранцијата, има негативно влијание врз севкупниот живот и последиците од неа особено се одразуваат врз економскиот развој на земјата.

Токму поради ова, нејзиното спречување  и превенција се услов за правилно функционирање на институциите и тоа во согласност Уставот, законите, меѓународните документи и етички кодекси.

Со оглед дека РСМ е потписник на меѓународни, европски и регионални документи од областа на борбата против корупција, принципите и обврските од овие документи треба да се вградени во ваков вид на документи со што ќе дојде до зајакнување на институциите и потврдување на начелата на независност, професионалност и

етичност. Тргнувајќи од овие начела Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) има назначено и номинирано лица за пријави од укажувачи согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

Агенцијата има донесено Регистар на ризици како и одговорно лице кое ги следи Акциските планови за управување со ризици.

Согласно внатрешната организација АЕК има одредени работни позиции на кои е утврдено постапување по Законот за преставки и предлози како и постапување по одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Согласно внатрешната организациона шема АЕК има Служба за внатрешна ревизија која ја спроведува внатрешната ревизија на работењето на Агенцијата за електронски комуникации.

Сето ова Агенцијата за електронски комуникации го прави со цел да ја демонстрира својата волја за борба против корупцијата и тоа преку

- Совесно управување со политичкото влијание во јавниот сектор и спречување на политичко влијание во работата на АЕК како независно регулаторно тело и во постапките регулирани со закон
- Јакнење на интегритетот и отчетноста на АЕК како дел од Јавниот сектор
- Спроведување на надлежностите на АЕК на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин
- Обезбедување на интегритет и транспарентност при вработување и политиките за човечки ресурси, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет
- Јакнење на надзорните и контролните механизми

ВО овој годишен план АЕК ќе се обиде да ги дијагностицира и селектира приоритетните проблеми кои генерираат висок ризик од корупција и да идентификува мерки за нивно надминување.

Од аспект на управување со ризици од корупција се приотеризираат следниве работни процеси:

- Планирање на буџет и спроведување на постапките
- Планирање и управување со финансии
- Професионално следење на Годишниот финансиски план на АЕК од страна на Секторот за финансии
- Навремена наплата на побарувањата по основ на надоместоци предвидени со Законот за електронски комуникации
- Тековно следење на Компензацискиот фонд за Универзалната услуга согласно со Законот за електронски комуникации и Правилникот за компензациски фонд за универзалната услуга
- Кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените
- Потпишување на изјава за тајност за секој вработен во АЕК
- Спроведување на стручен надзор
- Издавање на одобренија согласно Законот за електронски комуникации, План за намена на радиофрекфенции и План за доделба и користење на радиофрекфенции со пропишани услови за користење на истите
- Континуиран мониторинг и контрола за усогласеноста на користењето на радиофрекфенциите со услови пропишани во одобренијата и во пооделни законски акти
- Откривање на користење на радиофрекфенции без одобрение за користење на радиофрекфенции издадено од АЕК
- Соодветни обуки за сите вработени соодветно со нивните работни места и одговорности
- Доследна примена на кодексот за адинистративни службеници вработени во АЕК
- Објава на сите акти кои произлегуваат од Законот за работни односи и Законот за административни службеници (Правилник за систематизација на работни места, Правилник за внатрешна организација, Етички кодекс, Органограм)

- Објава на сите документи кои произлегуваат од Законот за јавни набавки и Законот за електронски комуникациикако на официјалната веб страница на АЕК, така и на официјалната страница на Бирото за јавни набавки
- Дефинирање на посебна организациона единица на одделението за јавни набавки, согласно Правилникот за систематизација на работни места, каде работата ја обавуваат вработени сертифицирани за спроведување на јавни набавки согласно Законот за јавни набавки
- Усогласување на Законот за електронски комуникации во делот на казнени одредби според тежината на прекршокот согласно Законот за прекршоци
- Континуирано доставување на извештаи до Управата за финансиска полиција за неправилност и сомнежи за измама и корупција при користење на јавните средства
- Спроведување на јавни набавки за независни ревизорски услуги
- Континуирано водење на Регистарот на ризиците, како и контролните мерки утврдени во Акцискиот план за управување со ризици
- Изготвување на полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи
- Навремено остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Подигање на свеста на вработените за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачи
- Транспарентност во постапката за поднесување на пријави од укажувачи во АЕК
- Доследно почитување на професионалните, етичките и институционалните правила на работење
- Непристрасност при изработка на записникот за стручен надзор и изработка на финалниот документ од страна на Правниот сектор (Предупредувачко известување или Прекршочна мерка)
- Доследно спроведување на ИСО процедурите 9001-2015 во Агенцијата за електронски комуникации

Агенцијата за електронски комуникации со цел одржување и зајакнување на институцијата преку начелата за независност, професионалност и етичност, како и ефикасно работење, поголема одговорност и свест на вработените, вреднување на работните задачи, подобро искористување на времето и ресурсите ги има имплементирано и стандардите за управување со квалитет ISO 9001-2015 – кој претставува збир на стандарди кои помагаат на институцијата да обезбеди Политика за квалитет, како и одговорност во организацијата. Во тек е имплементација и на ISO 27001 – стандард за информациска безбедност во Агенцијата за електронски комуникации кој дополнително ќе допринесе кон правилно функционирање на Агенцијата како нејзината ИТ безбедност.

И покрај досегашните активности Агенцијата за електронски комуникации ќе продолжи со континуирани обуки и тренинзи на своите вработени со цел запознавање со механизмите за спречување на корупцијата како и запознавање со нивните обврски. Особено ќе даде акцент на навремено запознавање со соодветни законски прописи, индетификација на знаците на корупција и мито, дејствијата за избегнување и спречување на мито и корупција како и запознавање со етичките правила за постапување на работното место.

Врз основа на проценката на факторите кои влијаат врз работењето на АЕК кај следниве области најчесто постои ризик за појава на корупција, и тоа: индивидуален и институционален интегритет, унапредување на квалитетот на работа во АЕК, постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи, јавни набавки и спречување на судир на интереси при преземање на службени дејствија.

Преку акцискиот план во продолжение, табеларно ќе се прикажат мерките, планираните активности и начинот на нивната операционализација, носителите и финансиските импликации за реализација на активностите преку кои успешно би се имплементирале дефинираните мерки.

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2022 И 2023 ГОДИНА

| Р/б | Мерка | Активност | Носител / Надлежност | Рок за реализација | Финансиски имликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените | Поттикнување на континуирана доследност во почитување на професионалните, етичките и институционалните правила на работење | Раководители на сектори и служби<br>Советници на Директор<br>Директор | Континуирано | Нема |
| 2 | Професионален развој на вработените и развој на културата на континуирано учење | Развој и спроведување на политики и практики на управувањето со човечки ресурси за нивен професионален развој и надградба | Раководители на сектори и служби<br>Советници на Директор<br>Директор | Континуирано | Нема |
| 3 | Посветеност на високото раководство во креирање на морална и организациска култура на професионалност, законитост и нетолеранција на корупција | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификување на нивната ранливост од корупција | Раководители на сектори и служби<br>Советници на Директор<br>Директор | Континуирано | Нема |
| 4 | Почитување на стандардите согласно сертификацијата ИСО 9001:2015 | Примена на процедурите за работните процеси во АЕК и следење на постапувањето на вработените по истите | Претставник на раководството за квалитет | Континуирано | Нема |
| 5 | Јакнење на позицијата на лицето кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција во АЕК | Создавање услови за извршување на неговите обврски според прописите за јавна внатрешна финансиска контрола | Овластено лице | Континуирано | Нема |
| 6 | Соодветна примена на Законот за заштита на укажувачи, подзаконските акти и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно | Навремено и законско постапување по поднесените пријави од укажувачи, како и известување за преземените мерки на подносителите на пријави во законски утврдениот | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | пријавување | рок | | | |
| 7 | Подигнување на свеста кај вработените во АЕК за можноста за постапување по Законот за заштита на укажувачите и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | Запознавање на вработените во АЕК со Законот за заштита на укажувачите и Процедурата за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Нема |
| 8 | Зајакнување на интегритетот во јавните набавки | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки и интерните процедури за сите инволвирани вработени во процесот на јавните набавки | Сите инволвирани вработени во процесот на јавните набавки | Континуирано | Нема |
| | | Спроведување на сеопфатни периодични анализи од спроведените јавни набавки вклучувајќи ги сите фази од процесот на јавните набавки со мерки за подобрување | Одделение за јавни набавки Сектор за финансии | Четврт квартал секоја година | Нема |
| | | Професионален развој и континуирана едукација на вработените кои се учесници во процесот на јавни набавки | Сите инволвирани вработени во процесот на јавните набавки | Континуирано | Има |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Спречување на влијание врз членовите на Комисиите за јавни набавки при спроведување на постапките за јавни набавки | Пријавување на обид за влијание врз членови на Прекршочната комисија (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи) | Сите назначени членови на Комисијата за јавни набавки | Континуирано | Нема |
| 10 | Спречување на влијание врз административните службеници кои изготвуваат Решенија со кои се одлучува по жалби во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Пријавување обид за влијание врз административните службеници кои изготвуваат Решенија со кои се одлучува по жалби (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи) | Административните службеници кои изготвуваат Решенија со кои се одлучува по жалби<br>Раководители на сектори и служби кои постапуваат по жалби<br>Советници на Директор<br>Директор | Континуирано | Нема |
| 11 | Спречување на злоупотреба од страна на административните службеници кои постапуваат при изготвување Решенија со кои се одлучува по жалби во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Пријавувањее обид за злоупотреба од страна на административните службеници кои постапуваат при изготвување Решенија со кои се одлучува по Жалби (до овластено лице за прием на пријави од укажувачи) | Сите вработени во АЕК<br>Раководители на сектори и служби<br>Советници на Директор<br>Директор | Континуирано | Нема |

Директор

Jeton Akiku

Скопје, Декември 2022